THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

GENDER AND
THE JUDICIARY
in the Western Balkans

ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**и**

**AIRE ЦЕНТАРОТ**

*Свесни дека еднаквото учество и присуство на жените и мажите во сите сфери на правосудството, вклучувајќи ги и повисоките работни места, се од суштинска важност за демократијата,*

*Имајќи на ум дека елиминацијата на родовите предрасуди и стереотипи е клучна за постигнување на еднаквост помеѓу жените и мажите,*

*Признавајќи го нивниот заеднички интерес за интензивирање на соработката за унапредување на родовата еднаквост и борбата против родовите предрасуди и стереотипи и за подигнување на свеста за прашањата за родовата еднаквост во правосудството во согласност со неговата улога во остварувањето на горенаведените цели,*

*Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија и AIRE Центарот (во натамошниот текст: потписниците) меѓусебно се согласуваат да ја уредат нивната комуникација и соработка со овој Меморандум за соработка (во натамошниот текст: Меморандумот) врз основа на заемно почитување и разбирање и на следниов начин:*

## Цел

## Член 1

Потписниците се согласни дека нивна заедничка цел е да формираат мрежа на судии и судијки од земјите на Западен Балкан посветени на јакнење на родовата рамноправност во правосудството – Мрежа *Gender Champions in the Judiciary* (во натамошниот текст: Мрежата GCJ), посветена на елиминација на родовите предрасуди, подобрување на родовата еднаквост и градење на свест за овие прашања и за улогата на правосудството.

## Полиња на соработка

## Член 2

Потписниците се согласни да реализираат заеднички активности на Мрежата GCJ кои имаат за цел борба против родовите предрасуди и стереотипи и родово заснованата дискриминација, унапредување на родовата еднаквост и подигнување

на свеста за улогата на правосудството во овие области, преку обуки и истражување, како и спроведување на меѓународните стандарди и добри практики.

Потписниците ќе ги мониторираат проектните резултати на годишно ниво и, доколку е тоа неопходно, ќе ги менуваат активностите со цел да осигураат нивно уште поефективно спроведување.

**Облици на соработка**

**Член 3**

Потписниците се согласни да ја развиваат нивната заемна соработка преку:

- Организирање форуми, тркалезни маси, конференции;
- Развивање на студии и анализи со цел да се подобри практиката на судовите на полето на родовата еднаквост;
- Организирање на годишни состаноци на директорите на центрите за обука во правосудството;
- Организирање на годишни форуми;
- Промовирање на Мрежата GCJ;
- Креирање и реализирање на едукативни програми.

**Имплементација**

**Член 4**

Соработката помеѓу потписниците ќе биде заснована врз начелата на партнерство, транспарентност, отчетност, заемна почит и редовна размена на информации.

Финансиските обврски и некои од организациските обврски ќе бидат покриени од страна на AIRE Центарот, во согласност со целите на центрите за обука во правосудството и сразмерно на проектните ресурси и приоритети. Овие обврски можат да вклучат:

- Тркалезни маси, обуки и семинари, како и подготовка и дистрибуција на извештаи за овие настани;
- Развивање и дистрибуција на водичи и други публикации;
- Подготовка на онлајн курсеви за обука;
- Останати активности за кои ќе се согласат партнерите на овој Меморандум.

Академијата за судии и јавни обвинители:

- Навремено ќе предлага активности врз основа на нејзините потреби;
- Ќе објавува извештаи, публикации и анализи на нејзината веб страница;
- Ќе споделува информации со судиите за расположливите обуки, едукативни можности и слични активности.

**Лица за контакт**

**Член 5**

Со цел да се олесни и зајакне меѓусебната комуникација, потписниците ќе назначат лица за контакт во рок од 10 (десет) дена од денот на кој е потпишан овој Меморандум.

**Завршни одредби**

**Член 6**

Овој Меморандум ќе стапи на сила на датумот на потпишувањето.

Овој Меморандум може да се измени во кое било време по пат на писмена согласност на потписниците.

Какви било спорови за толкувањето и имплементацијата на овој Меморандум ќе бидат разрешени на пријателски начин и во духот на соработката и заемната почит.

Овој Меморандум е изготвен во четири (4) примероци, по две (2) за секој од потписниците.

Сараево, 2022

**Во име на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска**

**Директорка**

**Во име на AIRE Центарот**

**Билјана Брејтвејт [Biljana Braithwaite]**

**Директорка на Програмата за Западен Балкан, AIRE Центар**